ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-65/2
Дата, Data 08-01-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи – пречистен текст („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.167/2015 и 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по објавениот Јавен оглас бр.8/2020 од 28.12.2020 година за вработување на помошно – технички лица за работно место КДР0401А02002 КВ Механичар за фекални пумпи во Оддел за машинско одржување на пумпени станици за отпадни води во Одделение за електро-машински работи во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети за 1 (еден) извршител, директорот на претпријатието донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за склучување Договор за вработување на неопределено време

Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас бр.8/2020 објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 28.12.2020 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А02002 КВ Механичар за фекални пумпи во Оддел за машинско одржување на пумпени станици за отпадни води во Одделение за електро-машински работи во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, се избира кандидатот:

ГОРАН БОЖИНОВСКИ

Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје и Записникот арх.бр.0401-10566/3/0401-65/1 од 05.01.2021 година од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати, а врз основа на приложената документација со Обрасците за пријава на јавен оглас доставена од кандидатот од која е утврдено дека во целост ги исполнува бараните услови.

Член 3

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 15.01.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

Член 4

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

Член 5

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука арх.бр.0401-10566/1 од 25.12.2020 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, распишан е Јавен оглас бр.8/2020 за прием на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А02002 КВ Механичар за фекални пумпи во Оддел за машинско одржување на пумпени станици за отпадни води во Одделение за електро-машински работи во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети.

Јавниот оглас бр.8/2020 беше објавен на ден 28.12.2020 година во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 1 (еден) кандидат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.8/2020 за вработување на помошно - технички лица на неопределено време на ден 05.01.2021 година изврши административна селекција на документите од кандидатот кој аплицирал при што констатира дека апликацијата е уредна. За извршената административна селекција, комисијата изготви Записник со арх.бр.0401-10566/3/0401-65/1 од 05.01.2021 година.

Со балансерот кој е составен дел на Годишниот план за вработување за 2020 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, за ова работно место предвидено е кандидатот да е по припадност на заедницата: Македонец.

Со оглед дека на јавниот оглас аплицирал само 1 (еден) кандидат кој ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор Човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски

СКОПЈЕ
SHKUP